# - ЈАВНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА БАЊА БАНСКО -

Архивски број: 04-347/5
Датум: 21.07.2025

Врз основа на член 21 од Статутот на Јавна установа Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско, член 23, точка 4 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија„ број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/104, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23 и 39/25), член 8 став 13 од Колективниот договор за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 249/19 и 203/23),а во врска со Јавниот оглас бр.2/2025, ВД Директорот на Јавна установа Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско ја донесе следната:

## О Д Л У К А
## за избор на 2 (два) извршители на неопределено време за работно место Неговател по пат на Јавен оглас

1) По Јавниот оглас број 2/2025 за вработување на неопределено време на 3(три) извршители во Јавна установа Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско, објавен во дневните весници "Нова Македонија" и "Коха", за работното место Неговател, звање на работно место Помошно стручен службеник од трето ниво со шифра на работно место СОЗ0303Б03002 во Служба за институционално згрижување на корисници и обезбедување на услуги во заедницата, Оддел за нега и медицинска рехабилитација во Јавна установа Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско, од предложената ранг - листа се избираат кандидатите **Даниела Терзиева и Даниела Маркова.**

2) Одлуката за избор ќе биде објавена на огласна табла на Установата и на веб страницата на Установата (zavodbansko.mk).

3) Избраните кандидати Договорите за вработување ќе ги потпишат по конечноста на Одлуката за избор.

4) Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Во дневните весници "Нова Македонија" и "Коха"беше објавен Јавен оглас бр. 2/2025 за вработување на неопределено време на 3(три) извршители во Јавна установа Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско и тоа на ден 04.07.2025 година и траеше пет работни дена.

- ЈАВНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА БАЊА БАНСКО -

Јавниот оглас беше за работното место Неговател, звање на работно место Помошно стручен службеник од трето ниво со шифра на работно место СОЗ0303Б03002 во Служба за институционално згрижување на корисници и обезбедување на услуги во заедницата, Оддел за нега и медицинска рехабилитација во Јавна установа Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско, за три извршители.

Со Решение број 04-324/1 од 03.07.2025 година, формирана е комисија за селекција на вработување за спроведување на постапката за вработување по објавениот оглас која се состоиод две фази:

- административна селекција која се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување и приложените докази во пријавата и
- интервју со кандидатите за вработување.

Во Записникот од спроведената административна селекција бр.04-347/1 од 16.07.2025 година, утврдено е дека се пристигнати две пријава за вработување на работно место Неговател тоа од гореименуваните, кои ги исполнуваат општите услови и посебниот услов од Јавниот оглас и истите беа поканети на интервју на ден 21.07.2025 година. По завршувањето на интервјуто, Комисијата состави Записник од спроведеното интервју бр. 04-347/3 од 21.07.2025 година и Ранг-листа на кандидати за работно место Неговател бр. 04-347/4 од 21.07.2025 година и истите ги достави до ВД Директорот, за ВД директорот да изврши избор.

Согласно Записникот од спроведената административна селекција бр.04-347/1 од 16.07.2025 година, Записникот од спроведеното интервју бр. 04-347/3 од 21.07.2025 година и Ранг-листа на кандидати за работно место Неговател бр04-347/4 од 21.07.2025 година од Комисијата за селекција на вработување, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Горенаведените кандидати ќе засноваат работен однос на неопределено време во Јавна установа Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско, по конечноста на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука кандидатите може да поднесат приговор до Управниот одбор на Установата, во рок од осум дена од денот на приемот на истата.

ВД Директор

Ѓорѓи Пиљафов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА БАЊА БАНСКО СТРУМИЦА


Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско, с.Банско, Струмица
Instituti për Mbrojtje dhe Rehabilitim Banja Bansko, fsh. Bansko, Strumicë
с.Банско, бб, о.Струмица
Република Северна Македонија
Fsh. Bansko, pa numër, kom. Strumicë
Republika e Maqedonisë së Veriut
+38970/253-169
www.zavodbansko.mk
e-mail: juzzr-st@mtsp.gov.mk